Врз основа на член 385, 387, 388, 456, 460 и 460а од Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 48/10 и 24/11) и одредбите од Статутот на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, Одборот на директори, објавува

ЈАВЕН ПОВИК
За учество на Годишно Собрание на друштвото

Седницата на Годишното собрание на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, ќе се одржи на ден 01.07.2024 година (вторник) во просториите на ПЕРМИНДЕКС ДООЕЛ Градско, ул.Антонит бр.2, во 12,00 часот.

Годишното собрание на седницата ќе работи по следниот

Дневен ред

I. Процедурален дел
- Утврдување на кворум за работа
- Избор на Претседавач на Годишното Собрание;
- Избор на бројач на гласови;
- Избор на записничар и заверувач на записникот

II. Работен дел
1. Усвојување на записникот од последното одржано годишно Собрание на акционерското друштво,
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото за 2024 година,
3. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на извршена ревизија на годишните и финансиските исштаи за деловната 2024 година од овластениот ревизор,
4. Расправа и донесување Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори во 2024 година (оваа расправа е поврзана со претходната точка од дневниот ред),
5. Донесување на Одлука за пренесување на нето загуба по годишната сметка за 2024 година и
6. Донесување на Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2025 година.

Во работата на Годишното собрание можат да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници имајќи предвид за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување.

Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавување на акционерот или овластеното претставник или застапник со полномошно за преставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржување на седницата на Годишното собрание.

Акционерите кој ќе овластат полномошник на седницата на Собранието на друштвото со давање полномошно во писмена форма, се без обврска да го известат полномошното кај Акционерот кој нема да го извести друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма.

Акционерот кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

Собранието одлучува само за прашања утврдени во Дневниот ред.

Вклучување нови точки во дневниот ред, предлагање одлуки и поставување на прашања може да се врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на собранието со барање за вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.

Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата.

Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавата на јавниот повик, секој работен ден во просториите на ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино, од 12-14 часот.

Официјалната интернет страница на друштвото е www.crveni bregovi@yahoo.com.mk.

ЦРВЕНИ БРЕГОВИ АД с.Црвени Брегови Неготино
Одбор на директори